REPUBLIKA ... SË VERIUT
Дирекција ... развојни зони
Drejtoria ... industriale

Бр./Nr. 04-139/4
21.01. 2026 год./viti

Врз основа на член 15 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.13/23, 59/25 и 154/25) член 22 и 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), а во врска со член 5 став 1, член 6 став 1, член 20-г и член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), член 4 став 9, став 10 и став 11 од Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на помошно – технички лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-1628/1 од 06.12.2023 година и Правилникот за изменување на Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на помошно – технички лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-1169/1 од 17.07.2025 година, Одлуката за потреба од вработување бр.04-1730/1 од 23.12.2025 година, Записникот за административна селекција од работата на Комисијата за селекција бр.04-139/1 од 12.01.2026 година и Записникот за спроведено интервју од работата на комисијата за селекција бр.04-139/2 од 14.01.2026 година, како и јавниот оглас бр.04/2025 за вработување на неопределено време на 5 (пет) извршители - помошно-технички лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони објавен на ден 24.12.2025 година, во дневните весници „Нова Македонија“ и ,,Коха“ и на веб страната на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по објавен јавен оглас за вработување**

1. Од пријавените кандидати по јавниот оглас број 04/2025, објавен на ден 24.12.2025 година во дневните весници „Нова Македонија“ и ,,Коха“ и на веб страната на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за засновање на работен однос на неопределено време во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, за работното место Администратор - помошник за следење и евидентирање на проток на домашна и странска стока во ТИРЗ во Одделение за евиденција и контрола во зони во Сектор за управување, стопанисување и одржување на зони и односи, Шифра ТИР0405Б06003________1 (еден) извршител, Локација на работно место:ТИРЗ Штип се избира следниот кандидат :

- Елизабета Зафирова Радева од Штип за локација на работно место ТИРЗ Штип.

2. Изборот меѓу пријавените кандидати е извршен согласно Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-175/2 од 17.01.2023 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-894/1 од 29.05.2023 година, бр.01-894/5 од 02.11.2023 година, бр.01-894/8 од 06.12.2023 година, бр.01-1156/1 од 10.09.2024 година, бр.01-468/3 од 05.03.2025 година, бр.01-1015/1 од 10.06.2025 година, бр.01-1015/4 од 26.06.2025 година и бр.01-1015/7 од 12.12.2025 година, а врз основа на спроведена администратвна селекција и спроведено интервју, од што е утврдено дека избраните кандидати во целост ги исполнуваат бараните услови.
3. Именуваните ќе бидат вработени на работното место од точка 1 на оваа Одлука, по конечноста на одлуката, за што ќе се склучат договори за вработување.
4. Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

***Образложение***

Врз основа на Одлуката за потреба за вработување бр.04-1730/1 од 23.12.2025 година, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на ден 24.12.2025 година во дневните весници “Нова Македонија” и „Коха” и на веб страната на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, објави јавен оглас број 04/2025 за вработување на неопределено време на 5 (пет) извршители - помошно-технички лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, од кои 1 извршител за работно место Администратор - помошник за следење и евидентирање на проток на домашна и странска стока во ТИРЗ во Одделение за

евиденција и контрола во зони во Сектор за управување, стопанисување и одржување на зони и односи, Шифра ТИР0405Б06003________1 (еден) извршител, Локација на работно место:ТИРЗ Штип.

Комисијата ги разгледа доставените пријави за што состави Записникот за административна селекција од работата на Комисијата за селекција бр.04-139/1 од 12.01.2026 година, потоа спроведе интервју за што состави Записникот за спроведено интервју од работата на комисијата за селекција бр.04-139/2 од 14.01.2026 година, врз основа на што Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони ја донесе Одлуката како во диспозитивот.

Директор
Д-р Гоце Димовски

______________________

**Правна поука:** Незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8 дена до Управниот Одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на Дирекцијата индустриски развојни зони.

Изработил: Маја Базерковска
Контролирал: Ирена К. Стојанова

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именуваните;
- Одделение за управување со човечки ресурси;
- Одделение за финансиски прашања;
- Архива;